# ООУ ИЛИНДЕН

КРИВА ПАЛАНКА



# ИЛИНДЕНЧЕ

мај 2024

## МИСИЈА

**ПРЕКУ ТИМСКА РАБОТА ПОМЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ
И РОДИТЕЛИТЕ ВО СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА
ДА ГРАДИМЕ САМОДОВЕРБА, ОДГОВОРНОСТ,
ПОЧИТУВАЊЕ И КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ
КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДА ПОСТИГНЕМЕ
ВИСОКИ ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

## ВИЗИЈА

**СОЗДАВАМЕ МОДЕРНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕКОЈ
УЧЕНИК ЌЕ ГИ РАЗВИВА СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ.
УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ ПОЧИТУВААТ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА,
ИНКЛУЗИВНОСТ, СИГУРНОСТ, ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ,
МУЛТИКУЛТУРНОСТ, КРЕАТИВНОСТ
И БЕЗБЕДНОСТ НА СЕКОЈ УЧЕНИК.**

ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

# НОВ ПОЧЕТОК СО НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПАТОТ КОН УСПЕХОТ

Први септември е секогаш свечен ден во нашето училиште – нов почеток кој носи нови предизвици, нови знаења, нови другарувања. Им посакавме добредојде на новите првачиња, да имаат успешен почеток и секој ден да им биде исполнет со нови знаења и многу насмевки.












# Детска недела и прием на првачињата во Детската организација




Секоја учебна година првата недела од месец октомври со најразлични активности ја одбележуваме Детската недела. Годинава, Детската недела се одбележа под мотото: „Јас и светот околу мене”

Во светот сите сме еднакви, имаме исти права, но и обврски. Ние сме само еден дел од светот и сето она што се случува во него. Но, само од нас зависи како сето тоа ќе влијаее врз нас. Им посакавме добредојде на нашите првачиња во Детската организација кои даденото ,Ветување едногласно го слушнаа и заедно го повторија.













# СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕЦАТА

## ИМАМ ПРАВО ДА ЗНАМ КОИ СЕ МОИТЕ ПРАВА

Во склоп на Светскиот ден на децата, во Europe House – Крива Паланка преку игра и дружба се одржа работилница за деца Kids Empowered: Rights in action.












Во соработка со Europe House Kriva Palanka претставници од нашето училиште преку предлог идејата ЕкоРадар зедоа учество во иницијативата за создавање помалку отпад, реупотреба и рециклирање. Ваквата иновативна идеја е вистински предизвик и потрага по нови практики за управување со отпадот, одржливи иницијативи и зелени решенија.

# Еколошка акција - „Генералка викенд 2023 година”

Нашето училиште учествуваше во големата еколошка акција насловена „Генералка викенд **2023** година” и натпреварот „Генералка Арт”, организиран со цел поттикнување на љубовта и креативноста на младата генерација кон своето родно место. Меѓу **250** испратени творби од целата држава, нашата ученичка Теодора Станковска се најде во трите најубави уметнички творби избрани од страна на соодветната жири комисија. Исто така нашето училиште доби признание и колективна награда, голема ботаничка жардињера со соодветна почва и со колекција на семиња за одгледување на одредени растенија од страна на учениците.





Како дел од Мрежата за искуствено учење, на тема „Размножување на растенијата”, учениците од V одделение беа во посета на ПМФ, а воедно ја посетија и Ботаничката градина.









# ВО СОРАБОТКА СО ЦРВЕН КРСТ

Соработка што трае со децении и продолжува понатаму!
Вистинска чест и задоволство за нас е што Општинската организација на Црвен Крст го посетија нашето училиште и доделија благодарница „За посебни заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвен Крст - Крива Паланка“












Училиштето е средина каде учениците на најдобар можен начин учат за вредности на хумано општество. Децата уште од најмала возраст треба да градат хумани вредности. По тој повод претставници од Црвен Крст - Крива Паланка одржаа работилница на тема: Важноста и улогата на Црвениот Крст. На оваа работилница децата имаа можност да научат дека сите треба да имаат еднаков статус, одговорност и должност взаемно да си помагаат. Трајниот мир меѓу сите луѓе е заедничко разбирање, пријателство и соработка.





# АКТИВНОСТИ ОД УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

## МЕСЕЦ НА КНИГАТА

Месецот на книгата се одбележа во нашето училиште преку повеќе активности:
Збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека
Мотивирани од изреката „Читањето е најдоброто учење" нашата училишна библиотека се дополни со нови лектирни изданија, наменети за учениците од прво до деветто одделение. Нашето училиште обезбеди средства со кои се збогати местото кое учениците секојдневно го посетуваат и им е потребно за надградување на своите знаења. Им посочивме на учениците дека книгата подучува, поттикнува, инспирира.
Креативна работилница за изработка на обележувачи за книги
Посета на градската библиотека








# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

## 21 ФЕВРУАРИ



Јазикот и дијалектите се непроценливо богатство на една нација и се потврда за идентитетот на народот и неговата традицијата. Меѓународниот ден е одреден во насока на промоција, негување и афирмација на сите јазици што ги користат народите во светот. Потребно е да го чуваме, негуваме и промовираме мајчиниот јазик преку различни научни и културни достигнувања.







# СВЕТСКИ ДЕН НА ПОЕЗИЈАТА

## 21 МАРТ

21 Март го обединува светот преку безграничната моќ на стиховите. Во нашето училиште со учениците одVIII одделение, преку презентација беше одржан и еден специјален час посветен на празникот на поезијата, при што учениците од петто одделение подетално се запознаа со една од најблагородните и возвишени уметности на пишаниот збор. Тие имаа можност да прочитаат и дел од своите творби.












# НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ"

НУ Центар за култура – Крива Паланка организираше натпревар за „Млади библиотекари" кој се одржа на 11 април во НУ Центар за култура. Под менторство на Маја Митровска и Тања Ѓорѓиевска од нашето училиште учествуваа учениците Бисера Илиевска, Мила Јакимовска, Андера Трајчевска и Синтија Јакимовска од IX одделение кои се здобија со благодарници за учество.









# НАСТАНИ

Нашите ученици беа учесници во одбележувањето на Денот на независноста на татковината, 8 Септември








Одбележување на 120 Илинден - нашиот светол празник, столб и огниште на татковината за навек.

11 Октомври - Денот на народното востание

Учениците од IV одд. од нашето училиште го посетија споменикот на паднатите борци Христијан Тодоровски Карпош







# УЧИЛИШТЕ БЕЗ ТУТУН -

# 31 МАЈ Е СВЕТСКИ ДЕН БЕЗ ТУТУН - WORLD NO TOBACCO DAY

ООУ „Илинден“ – Крива Паланка како дел од проектот „Училишта што го унапредуваат здравјето” реализира активности за подигање на свеста кај учениците за штетното влијание на тутунот врз здравјето на децата. По тој повод претставници од Институтот за јавно здравје Проф. д-р Елена Ќосевска и д-р Татјана Лековска Стоицовска реализираа работилница со учениците од VI, VII и VIII одделение на тема Училиште без тутун.


















# ГРАДЕЊЕ СО ЛЕГО КОЦКИ: ЕКО ГРАДОВИ НА ИДНИНАТА

Со проектот учиме низ игра со лего коцки, едуцирајќи се за целите на Обединетите нации за одржлив развој. Преку изразување на својата креативност учениците од II и IV одделение дизајнираа одржлива урбана средина. Со користење на лего коцките обликуваа разновидни пејсажи, архитектура, историски и културни знаменитости прикажни во блиска конекција со човекот и природата. Учениците од најмала возраст имаат можност да развиваат еко-свест и да се поттикнуваат на размислување како да применуваат еколошки решенија во секојдневниот живот за зачување на планетата Земја.



# РАБОТИЛНИЦИ

„Боренка” − проект за пошумување на опожарени подрачја, како и значењето и заштита на шумите.

Во нашето училиште со наставниците и учениците од трето, четврто и петто одделение се одржа еднодневна работилница, која имаше за цел да ги запознае со проектот. Тие имаа можност да научат колку е важно да имаме зелени површини и како треба да се заштитат шумите.







# КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА

## 8 Март

Учениците од V одделение под менторство на своите наставници по повод Меѓународниот ден на жената – 8 Март организираа осмомартовска работилница.

Нивната креативност и прекрасни идеи беа претставени на најразлични начини преку слики, честитки, букети итн.









# Еколошка едукативна работилница

**Изработка на слики од рециклиран материјал**








# Едукативна работилница

## Како да се однесуваме во сообраќајот?

Со претставници од полициската станица, во нашето училиште со учениците од прво одделение се реализираше едукативна работилница на тема „Сообраќаен Буквар" - како да се однесуваме во сообраќајот.





# ИЗРАБОТКА НА МАРТИНКИ

Со учениците во подрачното училиште во с. Мождивњак се изработуваа традиционалните мартинки кои ја симболизираат пролетта, но и доброто здравје. Мартинките се традиционален украс од бел и црвен конец, кој се плете во вид на нараквица и се закачуваат во првиот ден од месец март. Се вели дека подарената мартинка е знак на топло пријателство и среќа.





# Едукативна работилница – Младите во дигиталниот свет









Почнувајќи од февруари психологот Снежана Јакимовска заедно со учениците од ученичкиот парламент Лука Димитровски, Мила Стојановска и Божица Ивановска, реализираа презентации со учениците од VI до IX одделение на тема: Што е насилство?, со посебен акцент на Сајбер насилство. Учениците преку примери и вежби научија за видовите на насилство, карактеристиките на лицето кое трпи насилство и лицето насилник, дискутираа за можните реакции и последици од насилството, како и начините на кои учениците можат да се справат и да превенираат насилство.











# ПОСЕТИ

## ДЕТСКИ ПАРЛАМЕНТ

Парламентарниот институт го организираше дванаесеттото издание на работилницата на „Детски парламент“, на која учествуваа 81 ученик од 15 основни училишта од целата држава. Нашите ученици од IX одделение: Мери Миленковска, Нина Михајловска, Теодора Станковска и Лукас Стојчевски беа претставници од нашето училиште на оваа работилница и имаа можност да ги применат своите знаења стекнати на часот по Граѓанско образование.







Тие имаа можност преку организирана обиколка на зградата на собранието да ги видат најрепрезентативните простории од зградата на Собранието на Република Северна Македонија и да научат за почетоците на македонската државност од минатото до денес.

Во првиот дел од работилницата учениците имаа можност да поставуваат прашања на пратениците од различни пратенички групи во собранието, а потоа преку презентација на изработени креативни паноа на тема: „За секое дете- сите права“ со пораки претставени до пратениците изразени преку мисла, стих и цртеж беа презентирани детските права.

Во вториот дел, преку симулација на законадавна постапка, учениците развиваа ставови и аргументи на нивно барање на истите, со кои се поддржува или побива предложеното законско решение на тема: „Замена на класичните учебници со електронски“, а на крајот имаа можност и да гласаат за предлог решенијата.

Воннаставните активности имаат значајна улога за подобрување на квалитетот на образованието и развојот на ученикот. За таа цел учениците од трето одделение од ООУ „Илинден“ - Крива Паланка имаа можност да го посетат Собранието на Република Северна Македонија и да се запознаат со значењето и важноста на оваа институција. Споделувајќи знаења и искуства, учениците беа поттикнати за демократските процеси преку кои ќе можат да градат позитивни општествени вредности.











Учениците од прво до петто одделение од подрачните училишта во ПОУ с. Конопница и ПОУ с. Мождивњак беа во посета на Собранието на Република Северна Македонија и имаа можност да ги разгледаат просториите и да се запознаат со работата во собранието.

По повод месецот на штедењето, учениците од II-1,II-2 и I-3 одделение ја посетиија ескпозитурата на УНИ Банка, се запознаа со вработените и нивните задолженија во банката.









Учениците од петто одделение ја посетија Народна банка на РС Македонија. При посетата имаа презентација за Финансиска едукација и го посетија Музејот на Народната банка.

Учениците од трето одделение од ООУ ,Илинден" – Крива Паланка имаа несекојдневна можност да ја посетат фабриката за сокови ВИВАКС и да се запознаат со технологијата и начинот на производство на највкусните сокчиња ВИВА.






Учениците од четврто одделение во посета на фабриката Дема Стил, фабрика за производство на детски играчки и други производи за домаќинство.



# ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА



Да се зачува традицијата беше целта на посетата на Градски музеј – Крива Паланка. Учениците од седмо одделение од нашето училиште имаа можност да се запознаат со македонската (кривопаланечка) традиција, историја, култура и вредно-сните навики на нашите претци низ изминатите столетија





Петтоодделенците во посета на Градски Музеј
Учениците имаа можност да се запознаат со локалната историја, етнологија, археологија и култура.









ЛУ Градски Музеј Крива Паланка организираше повеќедневен настан наречен „Денови на уметноста 2023“. Беа одржани три работилници од областа на ликовните уметности, на која зедоа учество и ученици од ООУ „ Илинден” - Крива Паланка





На 6 октомври 2023 година во нашето училиште се реализираше проектот „Музејска едукација и популаризација на културното наследство за деца од училишна возраст“ од страна на прадавачи од НУ Музеј на РС Македонија - Скопје. Проектот се реализираше со учениците од трето, четврто и петто одделение, со предавања од областа на нашата култура и традиција, а предавањата се одвиваа на следниве теми:

, ,Народни носии“ од страна на М-р Наде Костадиновсла - Спасеновска,

„Народна архитектура“ - Горан Павловски и „Настанувањето на парите и парите во нашата држава" од страна на Милан Пејоски.





Предавањата се одвиваа преку видео презентации и оригинални предмети кои им беа претставени на децата. Исто така, од страна на НУ музеј на РС Македонија беше донирана и литература за училишната библиотека.

Во Народниот Музеј на РС Македонија - Скопје се реализираше изложба на која беа изложени и цртежи од ликовниот конкурс – Народни носии, на кој зедоа учество и учениците од нашето училиште. Учениците:
Ева Филиповска, Софија Алексовска и Сарита Демировска се здобија со благодарници за учество.



Учениците од трето одделение од нашето училиште уживаа во убавините на Битола. Го посетија Музеј Битола , спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк, се прошетаа низ прекрасниот Широк сокак во Битола и уживаа на Плоштад Магнолија кој претставува синоним за раскошна убавина полна со историја. Имаа можност да ја видат Саат кулата и да се восхитуваат на нејзината градба. Низ дружење учеа и ги проширија своите знаења.









Со цел проширување на знаењето на учениците според наставната програма по предметот Вештини за живеење. Учениците од VII одделение од централното и подрачните училишта од с.Конопница и с. Мождивњак ја посетија Територијалната противпожарна единица - Крива Паланка. Имаа можност да се запознаат со работните обврски на пожарникарите, значењето на оваа служба, техничката опрема, различните видови на ПП апарати, возилата како и нивното превентивно дејствување во случај на пожзри и различни интервенции.







# ПРИРОДНИ НАУКИ

Природните науки се важна алка во целокупниот воспитно образоване процес и можност за подигање на свесноста кај учениците за квалитетна животна средина. Наставниците со релизација на наставните програми директно вилиjаат во глобалната акција за спасување на планетата Земја.
По тој повод во Europe House Kriva Palanka зедовме учество во настанот „Базар на зелени вештини за позелена иднина“

















Содржините кои учениците ги изучуваат по предметот Природни науки честопати полесно се усвојуваат кога ќе можат да се поврзат со секојдневниот живот. За таа цел петтоодделенците денес ги проширија своите знаења за метеоролошките појави, елементи и инструменти со посета на Метео-ролошката станица во нашиот град.

Кога теоријата се поврзува со праксата знаењата остануваат трајни!

На 14.03.2024 год. во рамки на предвидените активности на наставата по предметот природни науки, шестоодделенците од нашето училиште остварија посета на Управа за хидрометеоролошки работи на РС Македонија и Сеизмолошка опсерваторија во Скопје. Целта на посетата беше тие да ги надополнат и прошират своите претходни знаења по предметот природни науки поврзани со времето, климата, временската прогноза, земјотресите како и мерките за заштита. Имаа можност од близу да ги видат специјалните аналогни и дигитални мерни инструменти кои се користат за таа намена.







# Натпревари

## НАТПРЕВАР ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

Општинскиот натпревар по природни науки (онлајн) за четврто и петто одделение се одржа на 23.02.2024год. На него зедоа учество вкупно 14 ученици, од кои 5 ученика од четврто одделение и 9 ученика од петто одделение. Учениците постигнаа солидни резултати и си обезбедија учество на регионалниот натпревар.

23.02.2024

ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

### ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

| Ученик | Одделение | Ментор | Награда |
|---|---|---|---|
| Коста Стојановски | IV | Славица Ристовска | II |
| Јана Крстевска | IV | Славица Ристовска | III |
| Антон Вучевски | IV | Славица Ристовска | III |
| Лана Ѓеоргиевска | IV | Славица Ристовска | III |
| Павел Јовановски | IV | Славица Ристовска | Учество |
| Ева Филиповска | V | Моника Дејановска | I |
| Миа Николовска | V | Моника Дејановска | I |
| Софија Алексовска | V | Моника Дејановска | II |
| Лара Павловска | V | Моника Дејановска | III |
| Андреј Тодоровски | V | Моника Дејановска | III |
| Јована Стаменковска | V | Моника Дејановска | III |
| Лука Трајчевски | V | Моника Дејановска | III |
| Матеј Велиновски | V | Моника Дејановска | III |
| Алексеј Мацовски | V | Моника Дејановска | III |

ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

## РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

| Ученик | Одделение | Ментор | Награда | Државен натпревар 15.06.2024 год. |
|---|---|---|---|---|
| Коста Стојановски | IV | Славица Ристовска | III | |
| Антон Вучевски | IV | Славица Ристовска | III | |
| Јана Крстевска | IV | Славица Ристовска | III | |
| Лана Ѓеоргиевска | IV | Славица Ристовска | Пофалница | |
| Софија Алексовска | V | Моника Дејановска | II | Да |
| Ева Филиповска | V | Моника Дејановска | III | |
| Јована Стаменковска | V | Моника Дејановска | III | |
| Матеј Велиновски | V | Моника Дејановска | III | |
| Лара Павловска | V | Моника Дејановска | III | |
| Андреј Тодоровски | V | Моника Дејановска | Пофалница | |
| Алексеј Мацовски | V | Моника Дејановска | Пофалница | |
| Миа Николовска | V | Моника Дејановска | Пофалница | |
| Лука Трајчевски | V | Моника Дејановска | Пофалница | |

# НАТПРЕВАР ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

Регионалниот натпревар по природни науки за четвртто и петто одделение се одржа на 5.4.2024 година. Честитки за ученичката Софија Алексовска за нејзиниот пласман на државниот натпревар кој ќе се одржи на 15.06.2024 година во Скопје на Природно- математички факултет.

# НАТПРЕВАР ПО МАТЕМАТИКА

02.02.2024

ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

## ОПШТИНСКИ НАПРЕВАР ПО МАТЕМАТИКА

| Ученик | Одделение | Ментор | Награда |
|---|---|---|---|
| Дарија Пешовска | V | Јасминка Станковска | I |
| Ева Филиповска | V | Јасминка Станковска | II |
| Софија Алексовска | V | Јасминка Станковска | II |
| Јована Стаменковска | V | Живка Стоилковска | II |
| Константин Митовски | IV | Славица Ристовска | III |
| Божил Митовски | IV | Славица Ристовска | пофалница |
| Давид Николовски | IV | Наташа Младеновска | пофалница |
| Игнат Илиевски | IV | Јасминка Станковска | пофалница |
| Јован Димитровски | V | Јасминка Станковска | пофалница |
| Војдан Илиевски | V | Јасминка Станковска | пофалница |
| Горас Гоцевски | V | Живка Стоилковска | пофалница |
| Наум Николовски | V | Живка Стоилковска | пофалница |
| Анабела Китановска | VI | Рајна Јакимовска | пофалница |
| Олег Јосимовски | VII | Снежана Златковска | пофалница |
| Лука Стаменковски | VII | Снежана Златковска | пофалница |
| Михаил Митовски | VIII | Марија Ристовска | пофалница |
| Божица Ивановска | VIII | Марија Ристовска | пофалница |

Општинскиот натпревар по математика се одржа на 02.02.2024 година и учествуваа 26 ученици од IV до IX одделение. Учениците постигнаа високи резултати со кои си обезбедија учество на претстојниот регионален натпревар по математика.
Дури 17 ученици се пласираа да го продолжат натпреварувањето.

# НАТПРЕВАР ПО БИОЛОГИЈА

Во организација на Друштвото на биолози на Р.Македонија секоја учебна година се организираат и спроведуваат натпревари по биологија на општинско. регионално и државно ниво. Од нашето училиште оваа учебна година под менторство на наставниците Ивица Петровски и Славица Јакимовска на овие напревари учествуваа вкупно 9 ученици од VII. VIII. и IX одделение.

Врз основа на постигнатиот успех ученичките Марија Ивановска (VIII одд). Теодора Станковска и Мери Миленковска (IX одд) ќе учествуваат на државниот натпревар по биологија кој ќе се одржи на 08.06.2024 на ПМФ – Скопје.

ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

## ОПШТИНСКИ И РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО БИОЛОГИЈА

| | Име и презиме на ученик | Одделение | Општински 16.02.2024 | Регионален 29.03.2024 | Државен 08.06.2024 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Теодора Станковска | IX | I - награда | I - награда | Да | Ивица Петровски |
| 2 | Мери Миленковска | IX | I - награда | I - награда | Да | Ивица Петровски |
| 3 | Нина Филиповска | IX | II - награда | III - награда | | Ивица Петровски |
| 4 | Јана Пешевска | VII | III - награда | Пофалница | | Ивица Петровски |
| 5 | Јоана Тодоровска | VII | III - награда | Пофалница | | Ивица Петровски |
| 6 | Олег Јосимовски | VII | III - награда | III - награда | | Ивица Петровски |
| 7 | Михаил Смиљковски | VII | III - награда | Пофалница | | Ивица Петровски |
| 8 | Марија Ивановска | VIII Конопница | II - награда | II - награда | Да | Славица Јакимовска |
| 9 | Синтија Јакимовска | IX Мождивњак | III - награда | III - награда | | Славица Јакимовска |

ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

| Ученик | Одделение | Ментор | Награда |
|---|---|---|---|
| Теодор Ѓоргиевски | V | Драгана Тројановска | учество |
| Нела Пешовска | V | Драгана Тројановска | учество |
| Анастасија Стојановска | VI | Адријана Додевска | учество |
| Лина Павловска | VI | Адријана Додевска | учество |
| Јоаким Митовски | VII | Адријана Додевска | II |
| Михаил Смиљковски | VII | Адријана Додевска | учество |
| Лука Димитровски | IX | Сања Јанковска | III |
| Нина Тодоровска | IX | Сања Јанковска | III |

На 16.03.2024 год. во Куманово се одржа општински натпревар по англиски јазик за учениците од V до IX одделение.

Од нашето училиште учествуваа вкупно 8 ученици (по 2 ученика од петто, шесто, седмо и деветто одделение) и ги постигнаа следните резултати:

## НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Под мотото - Весела новогодишна искра учениците од ООУ ,,Илинден“ заедно со своите наставници, преку одржан новогодишен хепенинг со новогодишни песни во централното училиште, со Новогодишен базар во ПОУ ,,Конопница” и прекрасни изведби со богати новогодишни точки во ПОУ с. ,,Мождивњак“ учествуваа по повод овој новогодишен настан.













# Недела на информатиката

Со учениците од трето одделение се реализираа едукативни активности во рамки на Недела на информатиката. Активностите беа реализирани во рамки на недела за одбележување на Денот за побезбеден интернет. Тема на работилницата беше Барометар за чувства за безбеден интернет и kahoot квиз.





Учениците од V-3 одделение, активно се вклучија во одбележување на недела на информатиката. Со презентација - „Како да бидам безбеден на интернет", преку прашања и одговори „Feeling barometer ", покажавме дека за исти ситуации можеме да имаме различни чувства и Компресија на слики - запознавање на кој принцип работи компјутерот.









Во активностите по повод Недела на информатиката учествуваа и учениците од подрачните училишта во ПОУ с.Конопница и ПОУ с.Мождивњак. Учениците од VI одделение реализираа - Активности за кодирање во програмскиот јазик Scratch, а учениците од VII одделение имаа работилница - Ден за побезбеден итернет.

# СПЛОТЕНИ ВО СВЕТОТ НИЗ УЧЕЊЕ, ПРИЈАТЕЛСТВО И ИГРА-ЧЕКОРИМЕ КОН ПОДОБАР УСПЕХ









Нашите ученици, во соработка со Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“ Крива Паланка, учествуваа на литературен и ликовен конкурс на тема: „Обединети во активностите за спасување и постигнување на целите за одржлив развој” и со своите ликовни и литературни творби го одбележаа меѓународниот ден и испратија јасна порака.







# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО РЕТКИ БОЛЕСТИ




















# 2 АПРИЛ
# СВЕТСКИ ДЕН НА ЛИЦАТА СО АУТИЗАМ

„Заедно да ги прошириме хоризонтите!” - Со заеднички пораки ги подадовме нашите рачиња за поддршка, во светот на различните бои. Да веруваме во спектарот на можности, бидејќи аутизмот не претставува неспособност, туку поинаков начин на размислување!

Преку различни таленти, до нивно вреднување и почитување! Затоа да ги разбереме лицата со посебен начин на размислување, со повеќе време за одмор, трпеливост и заеднички да ги вклучиме во заедницата на еднакви можности за секој од нас!
















# ПРОЕКТИ

Важна е улогата на училиштата за создавање стимулативна и инклузивна средина за сите ученици. ООУ "Илинден" од Крива Паланка преку сензорната соба создаде услови за остварување на што поголеми успеси и резултати кај учениците. Како дел од проектните активности од проектот Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран учествувавме на завршниот настан во Кино Фросина при МКЦ во Скопје, на Проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран" кој е финансиран од Европската Унија. Проектот е имплементиран од Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по Чекор - Македонија во партнерство со Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива - Inkluziva и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост Handimak - Disability Services Association.

Настанот понуди разновидни содржини, од панел дискусија за инклузивно образование.







# „Едукативно-креативен колаж за подобро ментално здравје“

Проектот се одржаа работилници за унапредување на менталното здравје во ООУ „Илинден“, што се спроведуваат во рамките на проектот „Едукативно-креативен колаж за подобро ментално здравје“, на темата за емоционална интелигенција, опфаќајќи ги компонентите, потешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат децата и младите при изразувањето на емоциите.

На едукативната работилница со учениците од подрачното училиште во Конопница, со примена на интеративен пристап, се разговараше за менаџирањето на сопствените и разбирањето на туѓите емоции. Преку практични вежби и сопствени искуства, младите учеа за начините на справување со предизвиците од емоционална природа и јакнее на нивните емоционални и социјални вештини.

Емоционалната интелигенција беше тема на која работеа и стручниот и наставен кадар од ООУ„Илинден“. Тие покажаа огромен интерес за менталното здравје на учениците и низ плодна дискусија дебатираа за последиците од отсуство на емоционална интелигенција, градењето релации со и меѓу учениците, потешкотиите кои се јавуваат кај адолесцентите, како и ситуациите со кои се соочуваат во училишната заедница.

Целта на работилниците е стекнување вештини кај учениците за справување со емоциите , како и зајакнување на капацитетите на училишните претставници за превенција и развој на менталното здравје кај децата и адолесцентите.







# Училишта што го унапредуваат здравјето

Училиштето е место каде што децата учат, растат и се развиваат во здрави личности. Огромно е задоволството што сме дел од проектот Училишта што го унапредуваат здравјето во соработка со World Health Organization (WHO), Министерство за образование и наука. Со учеството на настанот организиран од СЗО имавме можност да ги презентираме резултатите и придобивките од проектот. Продолжуваме да создаваме здрави генерации на ученици.








# E=MD^2

## "Извонредност во математиката преку е-дебата и различност во учењето" проект финансиран од Еразмус+ програмата

Обука за тестирање на новата иновативна технологија (e-math debate) и пилотирање на платформата за е-учење. Претставници од ООУ „Илинден" - Крива Паланка зедоа учество на овој настан презентирајќи добри практики и планови за учење преку е-дебата.









# ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ

Се реализираше со учениците од I до IX одделение. Учениците од предметна настава го посетија манастирскиот комплекс Свети Јоаким Осоговски, учениците од одделенска настава со своите наставници излетот го реализираа на градското игралиште. Излетот помина со низа игри, дружење, насмеани лица како и бројни натпреварувачки активности.



# ЕКСКУРЗИИ

Се реализираше тридневна екскурзија со учениците од IX одделение која помина во дружење, истражување и збогатување на знаењата за убавините и културно-историските споменици во Западна Македонија.




























Со учениците од VI одделение се реализираше дводневна екскурзија на релација Крива Паланка – Дојран. Беа посетени културните знаменитости во одредени градови.









# ПРВИ АПРИЛ ДЕНОТ НА ШЕГАТА

Детската радост и насмеаните лица немаат цена. Оваа година учениците од одделенска настава, заедно со своите ментори учествуваа во „Првоаприлската шега" кои со групни најразлични, најоригинални и креативни маски вистински го збогатија настанот „Првоаприлски маскенбал", кој беше организиран од Општина Крива Паланка. За нивната креативност добија признание учениците од II, III и V одделение.
















Erasmus+





НУРКАЧИ














# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМИТЕ



По повод 8ми Април - Меѓународен ден на ромите во нашето училиште интеркултурната група заедно со учениците од четврто одделение организираа меѓуетничка работилница, во која учествуваа ученици од различни возрасти и националности.





# СПОРТОТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ



Во нашето улилиште спортот зазема значајно место.Во училишниот спортски клуб „Илинден" се опфатени сите ученици од прво до деветто одделение кои сакаат да спортуваат во разни спортски дисциплини. Учениците од прво до петто одделение се вклучени во забавниот училишен спорт каде што ги осознаваат основните вештини на спортот. Со нив работат тандем наставниците по физичко и здравствено образование.




Нашето училиште петта година по ред е вклучено во проектот од ФУСМАК И ФФМ „Фудбал во училиште" каде што се опфатени учениците од второ до петто одделение (машки и девојчиња). Проектот го водат и со него активно работат наставниците по ФЗО Билјана Јовановска, Оливер Златковски и Кристијан Стојковски.






Од шесто до деветто одделение активно се вклучени во систем натпреварите кои се организираат преку Федерација на училишен спорт на Македонија и Општинскиот училишен спорт во Крива Паланка. Активно учествуваме во одбележувањето на Европската недела на спортот со разни дисциплини: аеробик на отворено, штафетн игри, пешачење и др. Учествувавме во одбележувањето на денот „Сите на велосипед" како и во многубројни други спортски манифестации.









III место - општински натпревар




II место - општински натпревар




II место - општински натпревар





# АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Стручниот актив на одделенска настава на своите редовни состаноци, реализира активности за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Во текот на учебната 2023/24 год., одделенските наставници преку разни презентации и работилници ги продлабочија своите компетенции, преку анализа на прирачниците кои ги нуди Бирото за развој на образованието, за начинот и формата на изведување на вонnаставните активности, личен и професионален развој, унапредување на наставата преку „Игри со Дисо“, како и едукативна-еко работилница за поттикнување на еколошката свест за селектирање и рециклирање отпад.Од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор во училиштето, проследија предавање на тема - „Ставовите на наставниците кон ИОП“

Одделенските наставници продолжуваат и понатаму со активна работа, преку која ќе се подобри воспитно-образовниот процес.На состаноците на стручниот актив, покрај одделенските наставници, активно учествува и педагошко-психолошката служба на училиштето.









# ПОЛУМАТУРАНТИ ГЕНЕРАЦИЈА 2022/2023

Нивниот успех е и наш! Горди на своите ученици, им посакавме успех и во понатамошното школување, да учат вредно, да другаруваат и да уживаат во животот. Од генерацијата 2022/2023 година, на предлог на Комисијата за разгледување и бодирање на документите на пријавените кандидати за избор на ученик според спроведеното бодување врз основа на претходно утврдените критериуми, Наставничкиот совет за ученик на генерација ја прогласи Деницијa Илиевска, согласно Законот за основно образование, а учениците Ива Митовска, Лина Георгиевска и Алекс Ристовски добија пофалници што покажаа високи постигнивања во нивното образование и промовирање на училиштето. Истите им беа доделени од стана на директорот на денот на доделување на свидетелствата.



*Образованието е столб и движечка сила на едно општество*

*Училиштето е местото каде што ја ткаете вашата среќа*

**ИЗДАВАЧ:**
**ООУ „ИЛИНДЕН" – КРИВА ПАЛАНКА**

**ИЗДАВАЧКИ ОДБОР:**
**ДИРЕКТОР**
**ЛОРЕТА ДИМИТРОВСКА**

**ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК:**
**ТАЊА ЃОРЃИЕВСКА**

**КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА И ДИЗАЈН:**
**ВЛАТКО СПАСОВСКИ**